РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-1

Скопје 28.01.2020г.

До: Јавно радиодифузно претпријатие
Македонска радио телевизија

За: - извршен директор
- одговорен уредник на МРТ1

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Известување за извршен надзор по претставка**

Почитувани,

На 3 јануари 2020 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е поднесена Претставка од гледач (наш бр.03-1) којшто реагира поради тоа што во новогодишното издание на серијата „Преспав", емитувано на 31 декември 2019 година и во репризата од 1 јануари 2020 година, говорот на српски јазик не е преведен на македонски јазик. Гледачот реагира и на тоа што серијата била прекинувана со многу реклами.

Со вонредниот надзор на новогодишното издание на серијата „Преспав" е констатирано дека говорот на ликот Наим (којшто зборува на српски и албански јазик), во ситуациите кога зборува на српски јазик (што доминира во неговите реплики), не е преведен на македонски јазик. Со мониторингот е констатирано дека говорите на другите ликови од серијата коишто зборуваат на странски јазици или во делови од своите реплики користат јазик што се зборува во Република Северна Македонија, а е различен од македонскиот јазик, речиси целосно се преведени на македонски јазик, со исклучок на неколку ситуации кадешто говорот на друг јазик, различен од македонскиот, не е преведен.

Неопходно е во иднина, доколку планирате репризно да го емитувате новогодишното издание на серијата „Преспав" или емитувате други епизоди од серијата во коишто се користи говор на други јазици, различни од македонскиот, истите да бидат целосно преведени на македонски јазик.

Во однос на приговорот на гледачот дека епизодата е пречесто прекинувана со реклами, Агенцијата се држи до постојните одредби од Законот, во кои, како што е познато – нема ограничувања за вкупното времетраење на рекламирањето во програмите од Јавниот сервис. Патем, мониторингот / анализата на доставениот аудиовизуелен материјал од новогодишната епизода на „Преспав", покажа дека во периодот од 21 до 22 часот беа емитувани 11 минути и 30 секунди (рекламни блокови и поп-ап реклами / на поделен екран). Исто така, во новогодишната епизода е забеле-

жано – „пласирање производи", па оттаму, имајќи предвид дека МРТ е ангажирана како копродуцент на серијата „Преспав", Ви напоменуваме дека – во иднина, при емитување епизоди од (потенцијално продуцираните) наредни сезони, но и во репризите на епизодите од „Преспав" во кои има „пласирање производи", покрај ознаката за – „спонзорство", мора да бидат вметнати и предупредувачките - *текст и знак за пласирање производи* -, во формата официјално дадена во Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, од АВМУ усвоено на 30 декември 2014 година. Текстот и знакот/логото за пласирање производи треба да бидат аплицирани врз емитуваниот аудиовизуелен материјал со времетраење од најмалку 10 секунди - пред почетокот на епизодата, по секоја пауза за рекламирање и на крајот од епизодата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

---------------------------------------------
**м-р Драгица Љубевска**